**Известување за концентрацијасо која Цинесите Медиа Холдингс Лимитед, Лондон, Обединетото Кралство, ќе стекне контрола над Друштво за филмска продукција ФХ3Х Цинесите ДОО Скопје, Република Северна Македонија (предмет бр. 08-19/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 21.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доственоизвестување за концентрација со која друштвото **Цинесите Медиа Холдингс Лимитед** со седиштена Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, Обединетото Кралство, В1Ф 8БХ,има намера, преку своето зависно друштво**Комино Медиа Лтд,** со регистрирана адреса на Медиус Хаус 2 Шератон стрит, Лондон, В1Ф 8БХ, Обединетото Кралство, да стекне контрола индиректно врз**Друштво за филмска продукција ФХ3Х Цинесите ДОО Скопје**со седиште на Тодор Александров 71/2-2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Цинесите Медиа Холдингс Лимитед** е студио за дигитални забавни содржини кое обезбедува услуги на филмски визуелни ефекти или креирање и реализација на цели анимирани филмови.

**Комино Медиа Лтд.** е активно во обезбедување на постпродукциски активности за филм, видео и телевизиска програма.

**ФХ3Х Цинесите** е новоосновано друштво чија регистрирана дејност е вршење активности на филмска продукција, видео филмови и телевизиска програма.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.01.20212 година
Скопје